# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**„ПЕТАР ПОП АРСОВ“ Скопје, Карпош**

**за период од 2022  до  2024 година**



**Јуни 2024**

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ „ Петар Поп Арсов“ период 2022/2024 година

Врз основа на Законот за основното образование ( „Службен весник на РСМ“ 103/2019 година член 129 и член 130) Општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“ изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022/2024 година.
За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 16.04.2024. година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Олгица Бајалџиева
2.Даниела Панајотова
3. Александра Митровска
4. Оливера Саздова
5. Мирјана Китановска

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2022/2024година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|

| | |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Даниела Панајотова<br>2. Катерина Милевска<br>3. Марија Таневска<br>4. Ники Радосављевиќ<br>5. Мирјана Николовска<br>6. Нада Анчевска<br>7. Валентина Р.Димовска<br>8. Наташа Стефановска<br>9. Ана Илиевска<br>10. Татјана Ѓурев<br>11. Вања Врдинова<br>12. Гордана Мисајловска<br>13. Рената Брезовска<br>14. Биљана Петрова<br>15. Мимоза Драгутиновска<br>16. Мирослав Најдовски<br>17.Татјана Савеска |
| 2. Постигања на учениците | 1. Оливера Саздова<br>2. Мирјана Патаракоска<br>3. Анета Спировска<br>4. Ивана Ергиќ<br>5. Магдалена Ј. Петкова<br>6. Ана Гавранлиева<br>7. Силвана Крстевска<br>8. Светлана Јовевска<br>9. Гоце Дукоски<br>10. Јелена Благоевиќ<br>11. Зденка Митровска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Олгица Бајалџиева<br>2. Наташа Пејчиќ<br>3. Марија Петкова<br>4. Аница Оносимовска<br>5. Христина Саздовска<br>6. Оливера Котева<br>7. Атина М. Трајковска<br>8. Ангелина Трпцевска |

| | |
|---|---|
| | 9. Ирена Николовска<br>10. Јана Перковска<br>11. Бинета Тодорова<br>12. Маргарита Богоевска<br>13. Томе Арсовски<br>14. |
| 4. Управување и раководење | 1. Александра Кузмановска<br>2. Даниела Штерјова<br>3. Биљана Ромевски<br>4. Мартин Савески<br>5. Александар Аргироски<br>6. Славица Н. Дамјановиќ<br>7. Симона Заборска<br>8. Тони Шулајковски<br>9. Валентина Трпчевска<br>10. Андреј Филиповски<br>11. Александра Петковска Митровска<br>12. Анета Влаховиќ<br>13. Лидија Водјаник |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 4.07.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно

дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Во нашето училиште следењето на квалитетот на планирањето на наставниците се врши врз основ на пропишана процедура од страна на директорот и стручните соработници.Училиштето им дава поддршка на наставниците за успешна изработка на своите годишни програми и поуспешна подготовка ЛППР преку посета на семинари и обуки кои се организирани од страна на БРО. Стручната служба им дава поддршка преку десиминации на новини во изготвување на годишните планирања. Размената на искуства и информации меѓу наставниците во нашето училиште имаа главна улога во подобрување во процесот на квалитетна изработка на планирањата на годишните програми.Преку размената на искуствата на одделенските состаноци и на стручните активите наставниците се надополнуваат со најдобрите практики за примена на различни технологии, методи, средства и сл.<br>Во нашето училиште се реализират наставни планови и програми кои се одобрени од БРО и МОН. Согласно Наставниот план за деветгодишно основно образование како и Концепцијата за основно образование, за учебната 2023/2024 училиштето на учениците од 4,5,6 одд. им ги понуди следните слободни изборни предмети додека за учениците од 7,8,9 одд. им понуди изборни предмети според старата Концепција за основно образование. Во училиштето има интеграцијата меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно. Во училиштето има формирано инклузивен тим на самото училиште и инклузивен тим на ученик.Изготвени се ИОП и модифицирани програми. Соработката со Ресурсниот центар ни ги обезбедува образовните асистенти. Во училиштето се реализира меѓуетничка интеграција и партнер на училиште во реализација на проектот е ОУ„Тефејуз“ од Општина Чаир. Тимот за училишна интеграција (ТУИ) редовно соработува.<br>За реализирање на активности за меѓуетничка интеграција се реализираат активности и посети . Учениците имаат голем интерес за овој проект.Учениците сакаат заедно да дискутираат и учествуваат во дебати на различни теми<br>На одделенските часови се одржуваат работилници .<br>Заради преголемата ангажираност на родителите и работните обврски нема голем интерес кај родителитеза учество во проекти.с<br>Во нашето училиште постои позитивна средина и атмосфера за учење и мотивирање на учениците. Преку организирани форми се поттикнува меѓуученичката соработка и заедничка дружба.<br>На часовите, учениците се активно вклучени во наставата преку, игра разговор, работа во парови, групи, како и дискусија на дадена тема |

На часовите се користат различни начини, извори и приоди за учење, кои ги мотивираат и поттикнуваат учениците да истражуваат и решаваат проблеми.
Нови иновативни техники се користат со цел постигнување на планираните целии задоволување на различни образовни потреби на учениците.
Учениците и родителите се редовно информирани за успехот на учениците преку електронскиот дневник Во училиштето се оценува јавно, транспарентно и коректно според програмата на училиштето.
Секој наставник има критериуми за оценување за својот наставен предмет
Наставниците користат разни начини при формирањето на оцената на учениците. При оценувањето се земаат предвид: писмените одговори (тестови, писмени работи, наставни листи), усните одговори и активност на часот. Учениците учествуваат во процесот на оценување.
Во училиштето учениците и родителите се запознаени со постигнувањата, напредокот, редовност или нередовност во учењето на учениците преку родителските средби и приемните денови и е дневникот.
Во нашето училиште се организираат вонаставните активности што се достапни за сите ученици без оглед на полот/родот, етничката припадност, способностите, социо-економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех. Јазикот на кој се изведува наставата на вонаставните активности е македонскиот јазик. Сите ученици се поттикнуваат да учествуваат во нив, особено кога се работи за ученици со посебни образовни потреби, како и за оние коишто се припадници на маргинализирани групи. Училиштето обезбедува услови за нивно непречено учество и реализирање на вонаставните активности. Учениците учествуваат во донесувањето одлуки во врска со вонаставните активности што им се понудени за реализација, како и во самиот избор на оние што ќе бидат реализирани. Потоа, учениците земаат учество при планирањето и организирањето на вонаставните активности што ќе се реализираат и активно учествуваат во спроведувањето на истите.
Во училиштето повремено или континуирано се реализираат и проекти во вид на еднократни вонаставни активности. Еднократните работилници се иницирани од страна на училиштето во соработка со други училишта и организации на локално, на државно и на меѓународно ниво. Во нашето училиште се реализираат и проекти од Еразмус+ програмата.
Училиштето организира и акции од различен карактер (хуманитарни, еколошки, безбедносни). Акциите се прават достапни за сите ученици од паралелките и/или одделенијата за кои се наменети, но учеството во нив е на доброволна основа.
Учениците самостојно се вклучуваат во изборот на клубови/секции (новинарски клуб, драмски клуб, клуб на млади англисти, љубители на германскиот јазик, секции на млади математичари, физичари, хемичари, географи и историчари, ликовен клуб, биолошки клуб, училишен спорт, драмско-литературен клуб, драмско-рецитаторски клуб, балетско-ритмички клуб и музичко-ритмички.
Со Годишната програма за работа на нашето училиштето се опфатени и планирани програмата, содржината, условите за организација и изведување на екскурзиите. Врз основа на Годишната програма училиштето изготвува Програма за излети и екскурзии. Програмата ја изготвува стручен тим кој го формира Училишниот одбор со одлука. Стручниот тим го сочинува директорот, одделенски наставник и предметен наставник. Раководителот на стручниот тим го именува директорот. За програмата изработена од страна на стручниот тим, нашето училиште добива мислење од Советот на родители, Советот на општината и мислење на Бирото. Екскурзиите и излетите за учениците од исто одделение се организираат во исто време, со иста содржина и активности на територијата на РСМ. Нашето училиште планира два еднодневни излета во текот на наставната година (во есен и на пролет), едниот финансиран од општината а другиот од страна на родителите, но се реализираше еден еднодневен излет

| |
|---|
| финансиран од страна на општината, настава во природа/излет за трето одделение и екскурзии за петто одделение со времетраење од три дена, за шесто од два дена и деветто од три дена.<br>Во нашето училиште за учениците кои покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат училишни натпревари. Учениците кои покажале најдобар успех на училишните натпревари се упатуваат на општинско, па на регионално ниво и на крај на државно ниво.<br>Придобивките од вонноставните активности се манифестираат преку афирмација на ученици (поединци и групи), целосна афирмација на училиштето, социјализација на учениците, поттикнување и негување на детската љубопитност и креативност, можност за дружење, учество на натпревари, многу добиени награди, пофалници, пехари и др. Сите изработки од вонноставните активности, на крајот од учебната година, ќе бидат презентирани пред родителите и претставници од локалната самоуправа, од страна на наставниците и учениците. |
| **Силни страни**<br>➢ Во училиштето има пропишана процедура за следење на квалитетот на годишните планирања на наставницте<br>➢ Целосно реализирани наставни планови и програми(според МОН и БРО)<br>➢ Редовно водење на педагошка документација и евиденција од наставници(планирања,следења)<br>➢ Учениците имаат слобода при избор на изборни предмети според Концепција за основно образование, Правилник за избор на наставни предмети, Анкети за избор на слободни изборни предмети<br>➢ Изборот на задачи, активности и ресурси се врши според потребите и можностите на учениците;<br>➢ Образовната инклузија се изведува во соработка со наставниот кадар, со родителите и со стручна служба според потребите и можностите на училиштето;<br>➢ Учениците се запознаени со критериумите на оценување кои се истакнати во училишните простории<br>➢ Учениците добиваат јасна информација за оценката<br>➢ Редовно се мотивирани и пофалени за нивните постигнувања<br>➢ Постои редовно информирање за оценките<br>➢ Секогаш се применуваат различни методи на оценување<br>➢ Активно вклучување на учениците во наставата преку различни форми на работа<br>➢ Поттикнато е критичко учење и донесување ефективни заклучоци<br>➢ Учениците при решавање на проблеми учат и други важни вештини, како креативност и меѓу ученичка соработка соработка.<br>➢ Наставниците при реализирање на наставата користат различни извори и приоди за учење, кои ги мотивираат учениците и ги поттикнуваат да истражуваат и решаваат различни проблеми<br>➢ Во училиштето се планираат и реализираат вонноставни активности според интересите и потребите на наставниците.<br>➢ Учениците учествуваат на натпревари од различни области со поддршка на наставниците. |

| **Слаби страни** |
|---|
| ➢ Непостоење на сензорна соба;<br>➢ Ограничени финансиски средства за реализација на одредени активности во МИО проектот и вклученост на родителите во реализација на активностите.<br>➢ Организирање на повеќе десиминации на стрчните активи<br>➢ Субјективниот став на учениците дека оценувањето не е праведно<br>➢ Недостаток на ресурси за реализирање на иновативни настава<br>➢ Учениците не се доволно запознаени дека преку нивните идеи и потреби, преку ученичката заедница се вклучени во изработка на програмите за работа на воннаставните активности |
| **Приоритети** |
| ➢ Недостаток на ресурси за реализирање на иновативни настава<br>➢ Вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активностите и донесувањето одлуки во училиштето<br>➢ Уредување на сензорна соба |

| **Подрачје 2: Постигање на учениците** |
|---|
| **Опис/ резиме на подрачјето**<br>Во текот на учебната година наставниците редовно ги следат постигањата на учениците без разлика на пол и јазик, при што водат евиденција за напредокот на учениците во однос на успехот според наставни предмети и според квалификациски периоди. Целокупното следење и оценување (формативно и сумативно) на постигнувањата на учениците е јавно, транспарентно и родителите се редовно информирани преку родителски средби и приемни денови. Постигањата на учениците се следат преку чек листи за оценување на учениците по секој наставен предмет согласно наставниот план и програма.<br>Нашето училиште беше опфатено со екстерното тестирање ТИМСС 2023 и 2024г. Беа избрани предметите математика и природни науки, а исто така беа наведени и темите кои беа опфатени во тестирањето. Тестирањето се спроведе во IV-2 одделение, 2023г, а во 2024г беше спроведено во истата паралалка во V одделение. Целта беше да се направи споредба во напредокот во постигнувања на учениците. Но, и ова тестирање нема повратни информации од ДИЦ. Усно добивме информации дека и од ова тестирање резултатите се на ниско ниво.<br>Во текот на образовниот процес, во редовната настава наставниците и стручните соработници успешно идентификуваат ученици со потешкотии во учењето, ученици со пречки во развојот, како и надареност на учениците. Во училиштето постојат процедури т.е. протоколи за работа со учениците со потешкотии во учењето, надарените и талентирани ученици. Во протоколите дефинирани се потешкотиите со кои се соочува ученикот и надареноста (талентираноста) како и начинот на работа со овие ученици. Стручните соработници во месец септември-октомври даваат чек листи на наставниците за првична идентификација на учениците со потешкотии и надарените ученици. Тие по сопствена процена од постигнувањата на ученикот го идентификуваат. За учениците со потешкотии во учењето стручните соработници креираат еден сумарен план, а потоа секој стручен соработник во својата област |

работи со ученикот со потешкотии индивидуално и се даваат континуирани насоки на наставникот за работа со ученикот. За поддршка на учењето на учениците со ПОП, основното училиште во соработка со ресурсен центар “Златан Сремец” обезбедува образовни асистенти. Доколку ученикот не ги совладува целите/резултатите од учење ученикот се препраќа до МКФ за понатамошна проценка.
Училиштето им дава поддршка и на надарените и талентирани ученици. После идентификацијата од наставникот во областа каде покажува талентираност (скала ПРОНАД), учениците кај стручните соработници пополнуваат прашалник за сопствена самопроценка за талентираноста и тие ученици потоа се охрабруваат да се пријавуваат најнапред на училишните натпревари, а потоа за оние кои постигнале успех и на општински па селекцијата е на државен натпревар. Наставниците работат на додатна настава со овие ученици. Особено истакнатите ученици, училиштето ги пофалува.
Наставниците редовно ги известуваат родителите за постигањата на учениците. Со цел информирање на родителите за постигањата на учениците, во училиштето постои комуникација со родителите како формални и неформални средби. Успехот на учениците им се соопштува преку добиената оцена (описна и бројчана) во Е-Дневникот, индивидуални средби, писмени извештаи, лични контакти, родителски средби, отворени денови. Доколку има потреба родителот се  повикува на индивидуален разговор со соодветниот наставник.
Според одговорите во анкетата за ученици произлезе дека родителите и учениците немаат добра меѓусебна комуникација во однос на постигнатиот успех на учениците, односно родителите не ги известуваат учениците дека се информирани за успехот на ученикот од страна на наставниците, од што произлезе слабата страна на ова подрачје.
Наставниците водат евиденција за редовноста на учениците и нивните отсуства од часовите. Одделенските раководители во сите одделенија ги идентификуваат учениците кои често отсуствуваат од училиште поради оправдани и неоправдани причини. Сите отсуства се од индивидуални причини, кои не се поврзани ниту со етичка, економска или полова природа. Отсуствата се евидентирани во електронскиот дневник и во извештаите на одделенските раководители (статистички извештаи). За подобрување на редовноста, а со тоа и подобрување на постигањата на учениците се преземаат соодветни мерки како разговор со учениците за важноста на континуирано следење на наставата, континуирана соработка на класните раководители со родителите на учениците кои отсуствувале од наставата за причините на нивното отсуство, задолжителна медицинска белешка за потврдување на здравствената состојба поради која ученикот не бил во состојба да ја посетува наставата, реализација на дополнителна настава со учениците кои подолго време отсуствувале од наставата, советување на ученици, советување на родители.
Во училиштето, училишниот психолог реализира  Советување на родители и ученици според програмата од МОН. Наставниците ги идентификуваат учениците кои ги исполнуваат критериумите за Советување на родители и ученици (неоправдано отсуство од настава, несоодветно/асоцијално однесување, намален успех во учењето), а потоа испраќа покани до родителите за денот на одржување на советувањето. Психологот според однапред планираната програма и неделно планирање го одржува советувањето, со исклучок на Советување кое се појавило надвор од планираниот термин. После одржување на Советувањето, психологот води записник за одржаното советување (прва и втора средба). Досега кај сите родители и ученици кои биле на Советување има подобрување во усехот и однесувањето, но и понатаму се следат тековно по тромесечие. Училиштето/психологот води и уредни записници за секое Советување. Во текот на последните 2 години реализирани се вкупно 8  советувања. Во учебната 2022/23 година (2 нередовно посетување настава, 2 намален успех и 3 несоодветно однесување). Во учебната 2023/24 реализирано е 1 советување на родител (намален училишен успех). Од досегашното искуство со Советување на  родителите и учениците, има ефект и кај учениците е забележана промена во успехот и однесувањето.

За учиниците со потешкотии во учење, надарените ученици  и учениците со ПОП се овозможуваат активности за подобрување на успехот на учениците. Во склоп на наставата се организираат работилници на теми поврзани со наставните содржини, како и актуелни теми кои ги засегаат учениците и родителите, како и додатна и дополнителна настава. Со цел подобрување на постигањата на учениците, наставниците за време на часовите користат разни техники и стратегии и применуваат ИКТ. Покрај тоа се организираат посети на институции, како и предавања од надворешни стручни лица и соработка со родители.
Во нашето училиште наставниците покрај редовната настава организираат дополнителна настава и активности кои го поттикнуваат успехот на учениците и надминување на  потешкотиите, индивидуално или во група, за одредена содржина и наставен предмет. Според новата Концепција за основно образование број на часови за дополнителна  настава не е определен, а опфатени се учениците од I до VI одделение. За VII, VIII и IX одделение наставниците кои работата по старата програма водат извештаи (обрасци) за дополнителна и додатна настава кои се предаваат во стручна служба и се заверуваат со деловоден број.

**Силни страни**

- Наставниците подеднакво го следат напредокот на учениците без разлика на пол и етничка припадност по сите наставни предмети и сите квалификациски периоди, поттикнувајќи го истиот со користење  различни методи и техники за учење;
- Родителите се навремените, редовно и транспарентно информирани за напредокот, постигнувањата  и успехот на своите деца, вклучувајќи го и личниот и социјалниот развој на детето.
- Наставникот реализира родителски средби, и доколку родителите имаат потреба за индивидуална родителска средба, наставникот одговара на нивното барање и истата ја реализира.
- Училиштето успешно ги идентификува учениците со тешкотии во учењето и учениците со ПОП.
- Училиштето  ги идентификува и води грижа за талентираните ученици, кои постигнуваат високи резултати на училишни, општински, регионални и државни натпревари, од различни области.
- Наставниците редовно реализираат додатна и дополнителна настава и вонаставни активности.

**Слаби страни**

- Слаба комуникација помеѓу родител – ученик во однос на постигањата на учениците.

**Приоритети**

- Подобрување на комуникацијата помеѓу родител и ученик преку разговор на родителските средби, внесување точка во дневен ред на оваа тема, на групните родителски средби, на индивидуалните родителски средби да биде присутен и ученикот, зеднички работилници со родителите.

**Подрачје 3 Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Имиџот на училиштето, неговата репутација, како и климата и културата во него се на високо ниво, претставувајќи синоним за успешност и афирмација на институцијата на локално, национално и меѓународно ниво. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите посветено се грижат за дисциплината и поведението на учениците. Во училиштето се применуваат правила и норми на однесување и куќен ред, кои ги почитуваат сите засегнати страни. Училиштето и наставниците одржуваат постојана и продуктивна соработка со родителите/старателите на учениците, кои се активно вклучени во училишниот живот и работата на училиштето.

Во училиштето се почитуваат правата на децата, а наставниците организираат соодветни наставни и воннаставни активности, преку кои учениците и родителите се запознаени со детските права и обврски. Училиштето не само што ги поддржува детските права, туку и применува конкретни мерки за обезбедување на праведност и инклузивност во образованието, креирајќи толерантна и прифатлива училишна средина за сите свои ученици. Се применува еднаков третман на сите ученици, правичност и еднаквост, како и еднаков пристап во образованието. Учениците учествуваат во ученичкиот парламент и се вклучени во процесот на донесување одлуки и решавање на проблеми. Нашето училиште се истакнува со бројни организирани приредби и учество во манифестации, каде што активно се вклучени и различни маргилизирани и ранливи групи, осигурувајќи им еднаков третман и поддршка преку хуманитарни акции и настани.

Организацијата на родителските совети, индивидуални средби и отворени дни за соработка овозможуваат активна вклученост на родителите во едукацијата и воннаставните активности. Во соработка со локалната средина и надлежни институции, се организираат трибини, настани и предавања за заштита од дрога, алкохол и пушење, како и за заштита и превенција од заразни болести, квалитетна и здрава исхрана. Склучени се бројни меморандуми за соработка со локалната заедница, институции, невладини организации и акредитирани организации, кои ја следат работата на училиштето, се вклучуваат и донира соодветна опрема или интелектуални услуги. Овие партнерства вклучуваат учество во локални и државни проекти, како и во културни и спортски настани, што ги подобруваат врските помеѓу училиштето и општеството во целост. Постои континуирано водење на педагошка евиденција и документација, како и записници и извештаи за справување со различни ситуации во текот на работата на стручната служба.

Училиштето редовно спроведува санитарни и систематски прегледи за наставниците и учениците. Постојано се организираат предавања, едукации и се реализираат наставни и воннаставни активности за превенција и справување со врсничкото насилство. Педагошко-психолошката служба води постојана евиденција и документација согласно потребите на учениците и редовно комуницира со наставниците и родителите за справување со социо-емоционалните проблеми на учениците, посветено грижејќи се за менталното здравје кај нив. Во соработка со учениците, наставниците и родителите, службата обезбедува постојана поддршка и насочување на учениците за продолжување на нивното образование.

**Силни страни**

- Училиштето има одличен имиџ и репутација на локално, национално и меѓународно ниво, што го прави синоним за успешност.
- Училиштето им дава можности на сите субјекти во образовниот процес активно да се вклучат и соработуваат

| |
|---|
| - Посветена грижа за дисциплината и поведението на учениците од страна на наставниците, стручната служба, учениците и родителите.<br>- Примената на еднаков третман, правичност и еднаквост кон сите ученици.<br>- Учениците учествуваат во ученичкиот парламент, имаат училишен правобранител и активно се вклучени во донесувањето на одлуки и решавањето на проблеми.<br>- Наставниците организираат активности преку кои учениците и родителите се запознаени со детските права и обврски.<br>- Примената на еднаков третман, правичност и еднаквост кон сите ученици.<br>- Училиштето активно соработува со локалната заедница и учествува во реализацијата на активности на локално и државно ниво, вклучувајќи се во заеднички проекти и други иницијативи. Оваа соработка со многу институции позитивно влијае на подобрувањето на воспитно-образовниот процес во училиштето.<br>- Организирање на предавања, едукации и активности за превенција и справување со врсничкото насилство, заштита од дрога, алкохол и пушење, како и заштита и превенција од заразни болести.<br>- Редовно спроведување на санитарни и систематски прегледи за наставниците и учениците.<br>- Постојана евиденција и документација од педагошко-психолошката служба, која комуницира со наставниците и родителите за справување со социо-емоционалните проблеми и менталното здравје на учениците. |
| **Слаби страни**<br><br>- Примената на кодекси на однесување и куќен ред кои ги почитуваат сите засегнати страни.<br>- Родителите не се доволно информирани или немаат доволно информации за вклученоста на нивните деца во активностите и иницијативите кои се одвиваат во училиштето.<br>- Потреба за побрзо и поефикасно информирање на родителите за мерките и активностите што се преземаат за превенција на насилство и безбедност. |
| **Приоритети**<br><br>- Посветена грижа за дисциплината и поведението на учениците, со активно учество на наставниците, стручната служба, учениците и родителите за создавање на подобра училишна средина.<br>- Продуктивна соработка со родителите/старателите на учениците, што им овозможува активно учество во училишниот живот и поддршка на образовниот процес.<br>- Креирање на комплексен и ефикасен систем за превенција од насилство и заштита на учениците од ризици како што се пушење, алкохол и дрога. |

| **Подрачје 4 Управување , раководење и креирање политики** |
| --- |
| **Опис/ резиме на подрачјето**<br>Управувањето со училиштето е организирано и структуирано, при што се следат утврдени процедури и стандарди. Статутот и правилниците за организација на работата обезбедуваат јасна распределба на одговорностите и задачи. Стратегиските планови и визија ја нагласуваат насоката во која училиштето се движи и целите што треба да ги постигне.<br>Раководењето со училиштето е одговорно и се базира на принципи на транспарентност и инклузивност. Документите укажуваат на систематски пристап кон евалуацијата на раководниот кадар и редовни обуки за нивниот професионален развој. Внатрешната комуникација и координација се организирани преку јасни правилници, кои обезбедуваат ефективно и ефикасно функционирање на училиштето.<br>Училиштето има добро развиен систем за управување и раководење со ресурсите. Финансиските извештаи се детални и транспарентни, при што се истакнува ефективното користење на средствата за подобрување на инфраструктурата и обезбедување на потребните ресурси за учениците.<br>Училиштето активно вложува во професионалниот развој на наставниците преку редовни обуки и семинари. Оценувањето на наставниците е систематизирано и транспарентно, што придонесува за постојано унапредување на наставниот процес и квалитетот на образованието.<br>Документите покажуваат дека училиштето редовно ги следи и евалуира наставните активности и постигнувањата на учениците. Обратната врска од учениците и родителите е позитивна, што укажува на висок степен на задоволство и успешност во наставниот процес.<br>Училиштето има јасни и добро дефинирани процедури за креирање на училишната политика. Записниците од состаноците на училишниот одбор и Советот на родители укажуваат на транспарентност и вклученост на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки.<br>Развојното планирање во училиштето е систематизирано и ориентирано кон постигнување конкретни резултати. Евалуацијата на постигнатите резултати покажува значителен напредок во различни области, што е резултат на добро планирање и ефективна имплементација на развојните стратегии.<br>Планирањето и управувањето со буџетот во училиштето се врши транспарентно и ефективно. Финансиските ревизии укажуваат на одговорно користење на средствата, додека буџетските планови и прогнози покажуваат внимателно планирање и оптимално распределување на ресурсите.<br>Управувањето, раководењето и креирањето политики во ООУ „Петар Поп Арсов“ - Скопје е на високо ниво, базирано на транспарентност, инклузивност и ефикасност. Документите и анализите укажуваат на добро организиран систем кој активно работи на подобрување на условите за учење, професионален развој на наставниците и постојано унапредување на наставниот процес. Училиштето има јасни процедури за креирање на училишната политика и ефективно управување со ресурсите и буџетот, што резултира со позитивни резултати од развојното планирање и висок степен на задоволство кај учениците и родителите. |

**Силни страни**

- Јасни структури и правила за организација на работата: Статутот и правилниците обезбедуваат јасна распределба на одговорностите и задачи, што допринесува за ефективно функционирање на училиштето.
- Долгорочна визија и стратегиски планови: Стратегиските планови и визија ја нагласуваат насоката во која училиштето се движи и целите што треба да ги постигне.
- Професионален развој на кадарот: Училиштето активно вложува во обуки и семинари за наставниците, што придонесува за постојано унапредување на квалитетот на образованието.
- Евалуација на раководниот кадар: Систематскиот пристап кон оценување на работата на раководниот кадар обезбедува транспарентност и континуирано подобрување.
- Транспарентност во финансиското управување: Финансиските извештаи и ревизии укажуваат на одговорно и ефикасно користење на средствата за подобрување на инфраструктурата и обезбедување на потребните ресурси за учениците.
- Ефективно планирање и имплементација на развојни планови: Документите покажуваат систематски пристап кон планирање и постигнување конкретни резултати, што доведува до значителен напредок во различни области.
- Редовна евалуација и подобрување: Училиштето редовно ги следи и оценува наставните активности и постигнувањата на учениците, што резултира со висок степен на задоволство и успешност.
- Обратна врска од учениците и родителите: Позитивните повратни информации укажуваат на добри односи и комуникација меѓу училиштето и заедницата.
- Транспарентност и инклузивност: Училиштето има јасни и добро дефинирани процедури за креирање на училишната политика, со вклучување на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки.
- Ефикасно управување со буџетот: Планирањето и управувањето со буџетот се врши транспарентно и ефективно, што осигурува оптимално користење на ресурсите за постигнување на поставените цели.
- Грижа за образованието и добробитот на учениците: Анкетите покажуваат висок процент на ученици кои целосно се согласуваат дека директорот и наставниците се грижат за нивното образование и добробит.
- Добри услови за учење и развој: Висок процент на ученици изразуваат задоволство од условите за учење и развој што ги обезбедува училиштето.
- Достапност на наставниците: Голем процент од учениците се согласуваат дека наставниците се достапни за да им помогнат кога имаат потреба.
- Вклученост на учениците во одлучувањето: Позитивните резултати укажуваат на тоа дека училиштето ги вклучува учениците во донесувањето на одлуки кои ги засегаат.
- Безбедност во училиштето: Голем процент од анкетираните ученици целосно се согласуваат дека се чувствуваат безбедно во училиштето.
- Организација на интересни и корисни активности: Висок процент на ученици се согласуваат дека училиштето организира активности и настани кои се интересни и корисни за нив.
- Решавање на проблеми и конфликти: Повеќето ученици се согласуваат дека училиштето добро ги решава проблемите и конфликтите меѓу учениците.

| |
|---|
| **Слаби страни**<br>➢ Недостаток на ресурси за успешно учење - значајна потреба од подобрување на снабдувањето со основни училишни ресурси<br>➢ Потреба од подобрување на комуникацијата и вклученоста на учениците во процесите на донесување одлуки<br>➢ Потреба од подобрување на комуникацијата и јасноста на училиштните политики и правила |
| **Приоритети**<br>➢ Подобрување на снабдувањето со училишни ресурси<br>➢ Зголемување на вклученоста на учениците во донесувањето одлуки<br>➢ Подобрување на комуникацијата и информираноста за училиштните политики и правила |

**Резиме и предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

1. **Резиме за унапредување на работата на училиштето**

Во ООУ „Петар Поп Арсов“ - Скопје, планирањето, наставата и учењето се базираат на структуриран пристап и поддршка од страна на директорот и стручните соработници, со фокус на квалитетна подготовка и изведба на годишните програми. Наставниците активно учествуваат во семинари и обуки организирани од БРО, а стручната служба помага преку десиминација на новини во наставниот процес и размена на искуства. Наставните планови и програми одобрени од БРО и МОН се внимателно реализирани, а посебно внимание се посветува на интеграцијата меѓу наставниците и учениците, како и на инклузивниот тим на училиштето кој изработува ИОП и модифицирани програми. Со помош на Ресурсниот центар, училиштето обезбедува образовни асистенти за учениците со посебни потреби. Училиштето активно учествува во проекти за меѓуетничка интеграција и соработува со други училишта, а организира и разни активности и посети. Училиштето има добро дефинирани процедури за следење на квалитетот на годишните планирања и редовно реализирање на наставните планови и програми. Наставниците водат педагошка документација и евиденција, обезбедувајќи транспарентност и јасност. Учениците имаат слобода при избор на изборни предмети и се запознаени со критериумите на оценување. Се применуваат различни методи на оценување и активно вклучување на учениците во наставата. Наставниците користат различни извори и приоди за учење, поттикнувајќи ги учениците да истражуваат и решаваат проблеми. Училиштето организира воннаставни активности и натпревари, поддржани од наставниците. Училиштето се соочува со недостаток на сензорна соба и ограничени финансиски средства за реализација на одредени активности во МИО проектот, што вклучува и недостаток на родителска вклученост во овие активности. Потребно е организирање повеќе дисеминации на стручните активи и постои субјективен став на учениците дека оценувањето не е праведно. Исто така, постои недостаток на ресурси за реализирање на иновативни

наставни методи, а учениците не се доволно запознаени дека можат да влијаат на програмите за воннаставни активности преку ученичката заедница.

Во однос на постигнувањата на учениците, наставниците редовно ги следат и евидентираат нивните успеси и напредок преку формативно и сумативно оценување. Учениците и родителите се редовно информирани за постигањата преку различни начини на комуникација. Училиштето спроведува различни активности за поддршка на учениците со потешкотии во учењето и надарените ученици, а исто така учествува во проекти како ТИМСС тестирањето. Психологот и стручните соработници обезбедуваат советување и поддршка за учениците и родителите, а наставниците организираат дополнителна настава и работилници за подобрување на успехот на учениците. Училиштето, исто така, активно се вклучува во различни проекти и акции од хуманитарен, еколошки и безбедносен карактер. Наставниците подеднакво го следат напредокот на учениците, без разлика на пол и етничка припадност, користејќи различни методи и техники. Родителите се навремено и редовно информирани за напредокот и постигнувањата на своите деца. Училиштето успешно идентификува ученици со тешкотии во учењето и ПОП, како и талентирани ученици кои постигнуваат високи резултати на натпревари. Наставниците редовно реализираат додатна и дополнителна настава и воннаставни активности. Постои слаба комуникација помеѓу родителите и учениците во однос на постигнувањата на учениците, што може да влијае на нивната мотивација и поддршка.

Имплементирајќи високи стандарди на однесување и почитување на правата на децата, училиштето создава позитивна и поддржувачка клима, претставувајќи синоним за успешност на локално, национално и меѓународно ниво. Наставниците, учениците и родителите заеднички се грижат за дисциплината и се активни учесници во училишниот живот преку организирани настани и воннаставни активности. Овие активности ги вклучуваат и маргинализираните групи, обезбедувајќи им еднаков третман и поддршка. Соработката со локалната заедница и различни институции е на високо ниво, што го збогатува училишниот живот преку трибини и предавања за различни важни теми. Педагошко-психолошката служба редовно комуницира со наставниците и родителите за справување со социо-емоционалните проблеми на учениците, обезбедувајќи им ментална поддршка и насочување за понатамошно образование. Училиштето има одличен имиџ и репутација на сите нивоа, создавајќи позитивна и поддржувачка клима. Постои посветена грижа за дисциплината и поведението на учениците, а сите субјекти во образовниот процес активно се вклучени и соработуваат. Се применува еднаков третман и правичност кон сите ученици. Учениците учествуваат во ученичкиот парламент и активно се вклучени во донесувањето на одлуки и решавањето на проблеми. Наставниците организираат активности за запознавање со детските права и обврски, а училиштето соработува со локалната заедница и други институции за реализација на различни активности и проекти. Организирани се предавања и активности за превенција од врсничко насилство, дрога, алкохол и заразни болести, како и редовни санитарни прегледи за наставниците и учениците. Педагошко-психолошката служба постојано комуницира со наставниците и родителите за справување со социо-емоционалните проблеми на учениците. Примената на кодексите на однесување и куќниот ред не е целосно усогласена и почитувана од сите засегнати страни. Родителите не се доволно информирани за вклученоста на нивните деца во училишните активности и иницијативи, што води до недоволна поддршка и разбирање. Потребно е

побрзо и поефикасно информирање на родителите за мерките и активностите што се преземаат за превенција на насилство и безбедност.

Управувањето со училиштето е структурирано и базирано на утврдени процедури и стандарди, осигурувајќи транспарентност и инклузивност во сите процеси. Раководниот кадар редовно се евалуира и обучува, додека финансиските извештаи се детални и транспарентни, обезбедувајќи ефективно користење на ресурсите. Стратегиските планови и визија ја насочуваат работата на училиштето кон постигнување конкретни резултати. Професионалниот развој на наставниците е поддржан преку редовни обуки, а систематизираната евалуација на нивната работа придонесува за унапредување на квалитетот на образованието. Училиштето има добро дефинирани процедури за креирање на училишната политика, што овозможува вклученост на сите засегнати страни во донесувањето одлуки. Финансиското управување е транспарентно и одговорно, резултирајќи со позитивни резултати и високо ниво на задоволство кај учениците и родителите. Училиштето демонстрира висок степен на организација и ефикасност во управувањето, раководењето и креирањето политики, обезбедувајќи континуиран напредок и подобрување на условите за учење. Училиштето има јасни структури и правила за организација на работата, долгорочна визија и стратегиски планови. Активно вложува во професионалниот развој на кадарот преку обуки и семинари, а систематскиот пристап кон евалуацијата на раководниот кадар обезбедува транспарентност и континуирано подобрување. Финансиското управување е транспарентно и ефективно, со детални извештаи и ревизии. Ефективното планирање и имплементација на развојни планови доведуваат до значителен напредок. Училиштето редовно ги следи и оценува наставните активности и постигнувањата на учениците, обезбедувајќи висок степен на задоволство и успешност. Процедурите за креирање на училишната политика се транспарентни и инклузивни, а управувањето со буџетот се врши внимателно и одговорно. Училиштето демонстрира грижа за образованието и добробитот на учениците, со позитивни резултати од анкетите за задоволство и безбедност. Недостатокот на ресурси за успешно учење создава значајна потреба за подобрување на снабдувањето со основни училишни материјали и средства. Потребно е подобрување на комуникацијата и вклученоста на учениците во процесите на донесување одлуки. Исто така, постои потреба за подобрување на комуникацијата и јасноста на училишните политики и правила, што може да доведе до подобра организација и функционирање на училиштето.

## 2. Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

1. Обезбедување ресурси за иновативна настава: Се препорачува аплицирање за грантови, партнерства со локални бизниси и организации за финансирање на иновативни наставни методи.
2. Вклучување на учениците: Формирање на ученички комитети кои ќе учествуваат во планирањето на воннаставните активности и донесувањето одлуки.
3. Сензорна соба: Истражување на можности за финансирање и опремување на сензорна соба преку донатори или локални заедници.

Подрачје 2: Постигање на учениците

1. Подобрување на комуникацијата: Организирање редовни работилници и форуми каде родителите и учениците ќе можат да разговараат за постигнувањата и предизвиците.
2. Интегрирање на ученикот во родителските средби: Присуство на учениците на индивидуалните родителски средби за директна комуникација и разбирање на нивниот напредок.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

1. Грижа за дисциплината: Развивање на програми за дисциплина и поведение кои ќе вклучуваат сите засегнати страни и ќе обезбедат поддршка и насоки.
2. Соработка со родителите: Организирање на редовни состаноци и настани со родителите за подобрување на нивната вклученост и поддршка на образовниот процес.
3. Превенција од насилство: Имплементирање на програми за едукација и превенција од насилство, пушење, алкохол и дрога, и редовно информирање на родителите за овие активности.

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

1. Подобрување на ресурси: Развивање на стратегија за снабдување со основни училишни ресурси, вклучувајќи аплицирање за грантови и партнерства.
2. Вклученост на учениците: Создавање на структури и механизми кои ќе обезбедат вклученост на учениците во процесите на донесување одлуки.
3. Комуникација на политики: Развивање на јасни и лесно достапни информации за училиштните политики и правила, и нивно редовно комуницирање со сите засегнати страни.